# Јануари, месец на авторите:

## Григор Прличев, Славко Јаневски, Војдан Чернодрински.

# ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

Григор Прличев е роден на 18 јануари 1830 година во Охрид, а починал во истиот град на 25 јануари 1893 година. Григор Прличев е еден од најзначајните претставници на романтизмот во македонската литература. Упорноста и брилијантноста се одлики на овој наш поет, нашиот втор Хомер којшто успешно ги покори сите предрасуди дека искрата на сопствениот и општествниот успех може да се покори пред талентираното литературно перо. Григор Прличев се школувал во Атина. Во 1849 година се запишал на медицинскиот факултет којшто не го завршил. Во текот на 1850 –1859 година повторно се враќа во Македонија и учителствува на повеќе места: Охрид, Прилеп, Битола, Струшко и Долна Белица за да си обезбеди услови за продолжување на студиите. Во 1859 година повторно се враќа во Атина како студент на втора година по медицина. Во овој период ја пишува поемата „Сердарот“, а во 1860 година добива награда на големиот атински конкурс за најдобра поема на грчки јазик, го освоил првото место, ловоровиот венец, паричната награда и бил прогласен за втор Хомер. Поетската творба „Сердарот“ се смета за апсолутен врв на сиот влог што во уметноста на зборот овој творец го дал. Прличев се нафатил со препевање на Хомеровата Илијада, ја напишал поемата „Скендербег“, во 1872 г. ја објавува песната „Во илјада седумстотин шездесет и второ лето“ и ја пишува „Автобиографијата“.

- „Да ја пишувам ли својата биографија? Да ги обнародувам ли најтанките подробности на својот краток живот? Долго време се колебав и ниту би сум пишувал ако не бев уверен дека биографиите се доста полезни книшки."

(Автобиографија-Григор Прличев)



**Извадок од поемата „ Сердарот “ од Григор Прличев**

Пискотници се слушаат од Галичник до Река,
што тешка несреќа ги збра
и мажите, и жените, та гласи тажна ека
и навева сал коб и зла?

Дал’ град полињата житородни ги беше фатил?
Ил’ рој од скакулци се вдал?
Дал’ султанот арачлии час предвреме им пратил
да збира арач лут без жал?



# СЛАВКО ЈАНЕВСКИ



Славко Јаневски е роден на 11 јануари 1920 во Скопје, каде завршил основно и средно техничко училиште. Од 1967 година бил член на МАНУ и е автор на првиот македонски роман – **„Село зад седумте јасени“.**
Пишувал песни, раскази, романи, како и литература за деца.
Напишал 13 збирки песни од кои попознати се:
**„Крвава низа“, „Пруга на младоста“, „Евангелие по Итар Пејо“, „Каинавелија“** и др.; повеста **„Улица“**, расказите: **„Кловнови и луѓе“, „Горчливи легенди“** и др.; романите**: „Село зад седумте јасени“, „Две Марии“, „И бол и бес“, „Тврдоглави“, „Девет Керубинови векови“** и др.; како и детската литература: **„Пионери, пионерки, бубачки и шумски ѕверки“, „Сенката на Карамба Барамба“, „Црни и жолти“, „Шеќерна приказна“, „Пупи Паф“** и др.

**Тишина – Славко Јаневски**

Кога булките ќе се истргнат од својот корен
и ќе појдат
една по една
кон својот залез
не следи ги.
Свадби веќе нема,
на секој чекор стои по една есен
смешна, бела и гола.

Кога булките ќе остават зад себе пустош
затвори го во себе дождот.
Нека ѕвони во олукот на твоите жили
под еден познат таван.
И молчи.

Кога ќе падне ветрот на твојот прозор

со три писоци танки

и плач на незрел жерав

пак молчи.

Булките мразеа говор.

# Војдан Чернодрински

**Војдан Поп Георгиев Чернодрински** е роден во с. Селци, Дебарско на 15 јануари 1875 и **е основоположник на македонското драмско творештво и театар.** На 7. ноември 1900 година, успеал да ја постави драмата „Македонска крвава свадба" на сцената на Софискиот театар. Освен „Македонска крвава свадба", тој ги напишал и едночинките: „Дрвари", „Во меаната", „Мајстори"; драмите: „Македонска емиграција", „Зло за зло", „Од глаата си патиме", „Робот и агата", „Срешта" и др.



Извадок од драмата „Македонска крвава свадба"

**ОСМАН БЕГ И РАСИМ:** (Ја извлекуваат Цвета од куќата).
**ОСМАН БЕГ:** Стој, м'лчи ѓаурко?!
**СПАСЕ:** (Со револвер во рацете). Пуштите ја, кучиња!
**ОСМАН БЕГ:** (Пука во Спасета но не го погодува): Давран, давран!…
**ЦВЕТА:** (Ја вади од појас камата на Осман бег и ја забива во неговите гради). На ти тебе куче!
**ОСМАН БЕГ:** ОФ! (Паѓа)
**ТРАЈАН:** Удрите, браќа, м'шки да умриме!
**ШЕФКИЈА:** (Пука во Цвета). На, ѓаурко!
**ЦВЕТА:** Ооооох! (Паѓа)
**СПАСЕ:** (Го фаќа за гуша Шефкија и го убива со кама). Ааах, куче! (Го турнува на земја). Цвето!
**ТРАЈАН:** (Ја подига Цвета). Ќерко!
**БЛАГУНА:** (фатена за коси, паѓа на колена пред Цвета). Оф јас сирота!…
**ЦВЕТА:** Умрев, а-м-а… т-у-р-к-и-н-а н-е с-т-а-н-а-в! (УМИРА)

